Агенција за вработување на Република Македонија

Врз основа на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2014 година и Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011-2015, Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 17.02. 2014 година, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## до работодавачите за вклучување во програмата за Практикантство како прво работно искуство до вработување

1. Се повикуваат заинтересираните работодавачи, кои имаат потреба за ангажирање на млади евидентирани невработени лица до 29 години ( активни баратели на работа ), со завршено најмалку средно образование, кои претходно немаат работно искуство и немаат засновано работен однос како практиканти (заради стекнување на одредени практични знаења и вештини), освен во случај кога работното искуство не било соодветно на профилот т.е. согласно завршеното ниво на образование, да се пријават во работните клубови на Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на РМ.
2. Програмата за Практикантство не вклучува работодавачи од државни, јавни институции, единици на локална самоуправа и Градот Скопје, невладини организации и здруженија на граѓани. Право на учество имаат работодавачи кои имаат вработено најмалку едно лице .
3. Секој кандидат кој ќе биде избран од страна на работодавачите по претходно извршено интервју, ќе добие финансиска поддршка во износ од 6.200,00 денари месечно (со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување) за период од 3 (три) месеци.
4. Работодавачот има обврска да достави план/програма за практична работа и да назначи ментор за практикантот. На крајот работодавачот треба да издаде потврда за завршена практична работа .
5. Заинтерисираните работодавачи, пријави можат да поднесат од 17.02.2014 до 03.03.2014 година во работните клубови на Центрите за вработување.
6. Селекцијата на работодавачите ќе ја врши Надзорен одбор врз основа на следните критериуми :
   - Не должи даноци - 10 бодови
   - Го зголемил бројот на ваботени последната година - 40 бодови
   - Исплатени плати за претходниот месец - 30 бодови
   - Позитивен биланс на успех за минатата година - 10 бодови
   - Не го намалил бројот на вработените со прогласување технолошки вишок последните 3 години - 10 бодови
   - Доколку неколку работодавачи имаат ист број на бодови, предност ќе има работодавачот кој порано поднел апликација за учество во мерката .
7. Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Агенцијата за вработување на РМ, работодавачите и кандидатите.

Детални информации можат да се добијат во работните клубови на 30-те Центри за вработување на Агенцијата за вработување на РМ, контакт центарот 02-3298-297 и веб страната њњњ.аврм.гов.мк

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА